***ОПШТИНА КАРПОШ***

***СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ***

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЗА ПЕРИОДОТ месец ЈАНУАРИ - месец ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 62-402/1 | | Богданка Милошевиќ Мучева<br>[име и презиме] |
| Датум: | 15.01.2025 година | | Раководител на Сектор инспекторат<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | КАРПОШ | (м.п.) | <br>[потпис] |

**РЕЗИМЕ**

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ“ бр.102/19), а согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл.весник на РСМ“ бр.238/19),изработен е овој годишен извештај за периодот јануари – декември 2024 година.

Инспекцискиот надзор во Општина Карпош се врши преку Сектор инспекторат и овластените инспектори на општината. Инспекцискиот надзор се вршеше во секоја област поединечно за која е надлежна општината, согласно Законот за инспекциски надзор, како и законите од кои произлегуваат овластувањата за инспекциски надзор на овластените инспектори.

Во изминатава година инспекцискиот надзор и контрола над субјектите, правни и физички лица се вршеше согласно одредбите од: Законот за градење, Закон за јавна чистота, Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за урбаното зеленило, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за управување со отпадот, Закон за општата управна постапка, Закон за постапување по предлози и претставки, Закон за локална самоуправа, Закон за администрација, Закон за меѓуопштинска соработка, Закон за домување и подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Советот на Општина Карпош

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимавада не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторите по службена должност ја утврдуваа фактичката состојба и изведуваа докази во постапката на инспекцискиот надзор. При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водеа од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор каде што е тоа можно, инспекторите првенствено вршеа превентивна функција, а изрекуваа инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не можеше да се обезбеди целта на надзорот.

**УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**

Голем ризик при вршењето на инспекцискиот надзор, односно при започнување на инспекцискиот надзор, преставуваше и уредната достава на известувањата за вршење на инспекциски надзор (најмногу кај физичките лица), како и поканите за странки за вршење на инспекциски надзор (кај физички лица). Ова е од причина што странките или не го подигнуваа писменото од Пошта или пак одбиваа лично да го примат известувањето/поканата. Но сепак од страна на инспекторите беа вложувани напори за реализација на уредна достава, согласно Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор. Ова сето имаше вијание на одолговлечување на инспекциските постапки. Тука како ризик можеме да го спомнеме и

неусогласеноста на материјалните закони по кои постапуваат овластените инспектори, со Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

Проценката на ризик за вршење инспекциски надзор кај субјектите на надзор сеуште не е добро дефинирана во различните области на инспекцискиот надзор и ќе биде потребна подолготрајна анализа на субјектите за да се одреди нивото на ризик (високо, средно и ниско).

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животна средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор .

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава на субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторивање по претходно утврдена состојба.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Карпош, инспекциската служба е организирана како Сектор Инспекторат, со Раководител на сектор – главен инспектор за домување и општински инспектори за одредени области:

- Советник комунален инспектор – 1 извршител
- Помлад градежен инспектор – 1 извршител
- Виш инспектор за животна средина – 1 извршител
- Советник просветен инспектор-1 извршител.

Во состав на одделението за инспекциски надзор се предвидени и следните административни службеници:

- Виш соработник за водење на комунална евиденција – 1 извршител
- Комунални редари – 8 извршители
- Извршител за административно технички работи – 1

Според тоа во Сектор инспекторат Општина Карпош, инспекциски надзор се врши од страна на 5 инспектори, во 5 области, од кои еден од нив е раководителот на сектор, еден е раководител на одделение и 8 комунални редари.

Табела1:Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид**, возраст и звање**

| **Вид** | Раководители | | | | | | Градежна инспекција | | | | | | Комунална инспекција | | | | | | Инспекција за домување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Б2 – главен инспектор** | | Богданка Милошевиќ Мучева | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | |
| **Б3 – пом. Главен инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **В1- советник инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | Ирена Милевска | | | | | | | | |
| **В2 –самостоен инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **В3 – помошен инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | | | | Душко Андонов | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Табела1:  Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид**, возраст и звање**

| **Вид** | Инспекција за животна средина | Просветна инспекција |
|---|---|---|

| **Ниво-Звање/Возраст** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | 31-40 г | **41-50 г.** | 51-60 г | > 60г | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б3 – пом. Главен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | Гордана Максимовска | | | | | | | | |
| **В1- советник инспектор** | | | | | | | | | | Даниела Кочоска | | |
| **В2 –самостоен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В3 – помошен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | |

Табела 1 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во годината

| Вид | Градежен инспектор | | | Инспектор за домување | | | Комунален инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

Во овој дел даден е приказ на извршените инспекциски надзори за секоја област – овластен инспектор, поединечно. Табелата за годишен извештај која произлегува од Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл.весник на РСМ“ бр.238/19).

## 1. Комунална инспекција

### 1.1 Комунален инспектор

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област се следните прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за зеленило, Закон за управување со пакување со пакување и отпад од пакување, како и подзаконските акти произлезени од овие закони и уредбите донесени во вонредна состојба.

Согласно горе наведените закони, комуналниот инспектор од Одделението за комунална инспекција, врши инспекциски надзор над:

❖ Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:

- чистење на снег во зимски услови согласно со Програмата за зимско одржување;
- расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
- одржување на јавни површини на отворени простори;
- отстранување на хаварисани возила од јавни површини;
- вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
- неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалувањена отпадот од страна на правни и физички лица;
- инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица;
- подигање непрописно паркирани возила на зелена површина во соработка со ЈП Гратски Паркинг, Скопје

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Карпош и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Карпош, ЈП Градски Паркинг, Град Скопје и други.

Табела 3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во текот во 2024 година

| Ред.бр. | Изготвени управни акти | Кумулативна состојба со 31.12.2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | Изготвени записници за извршен инспекциски надзор | 120 |
| 2. | Изготвени решенија | 76 |
| 3. | Прекршочен платен налог | 29 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Барање од граѓани / одговори | 56 |
| 5. | Подигнати возила со пајак служба | 86 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, може да се забележи голем пораст во донесените акти од страна комуналниот инспектор за разлика од бројот на актите донесени во 2023 година.

Исто така, во текот на 2024 година, комуналниот инспектор во соработка со ЈП Градски Паркинг односно Градска пајак служба,согласно склучен договор меѓу овие две институции има подигнато 127  возила од јавна зелена површина

### 1.2. Комунални редари

Активностите на општинските комунални редари се засноваат врз вршење на контроли над примена на следните законски прописи:

- Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11 , 80/12  , 163/2013, 44/15, 147/15 и 31/16, )
- Закон за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15,31/16 и 64/18);

Контролата на одржувањето на јавната чистота во согласност со Законот за јавната чистота во моментов ја вршеа 8 комунални редари до 06.2024 година. Од 07.2024 година контролата на терен се врши од 6 комунални редари. Комуналните редари ја вршат контролата и надзорот на состојбата на целата територија на општината во рамките на своите надлежности по урбани заедници.

Табела 4. Преглед на вкупен број на издадени прекршочни платни налози од страна на комуналните редари во текот  на 2024 година

| Ред.бр. | Изготвени управни акти | Кумулатива состојба со 31.12.2024год. |
|---|---|---|
| 1. | Изготвени записници од извршена контрола при сторен прекршок | 124 |
| 2. | Изготвени прекршочни платни налози | 124 |
| 3. | Платени прекрошочни платни налози | 94 |

Комуналните редари исто така, во одредени случаи кога сметаат дека е оправдано, извадаат писмена опомена до странките, со краток рок за отстранување на проблемот, пред поведување на инспекциска постапка, што се покажа позитивно, пред се за полесно собирање на податоци од странките,, бидејќи  по секоја опомена е постапено без потреба да се поведе постапка со прекршочен платен налог.

Исто така и кај комуналните редари, иако во текот на втората половина се со намален број , односно наместо 8, контролата ја вршеле 6 комунални редари, бројот на изготвени записници и прекршочни платни налози е значително зголемен споредено со 96 во 2023 година.

## 2. Градежна инспекција

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19и 18/20), како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.
Согласно горе наведените прописи, градежниот инспектор од Одделението за урабнистичка и градежна инспекција, во текот на 2024 година вршел вонредни и редовни инспекциски надзори по пристигнатите иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица, како и по барање на други државни органи (МВР, ОЈО, ДП) и по месечни планови

Градежниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Карпош, а по потреба и органите на државно ниво.

Табела 5. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори во текот на 2024 година

| Реден број | Изготвени управни акти | Кумулативна состојба со 31.12.2024 год. |
|---|---|---|
| 1 | Писмени барања/иницијатива од граѓани | 228 |
| 2 | Записник за извршен вонреден инспекциски надзор | 57 |
| 3 | Записник за извршен редовен инспекциски надзор | 15 |
| 4 | Записник за извршен контролен инспекциски надзор | 62 |
| 5 | Решение за опомена | 35 |
| 6 | Решение за отстранување на недостатоци | 21 |
| 7 | Решение за прекинување на градба | 1 |
| 8 | Заклучок за дозвола на извршување | 7 |
| 9 | Прекршочни платни налози | 2 |

3. **Инспекција за животна средина**

Овластениот инспектор за животна средина контролира-

- Контрола на документацијата која ја поседува правниот субјект,
- Контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект,
- Утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за неопасен отпад во координација со акредитирана лабараторија за животна средина,

  Утврдување дали правниот субјект соглсно дејноста која ја врши подлежи на изработување на Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на град Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје,
- Мониторинг или следење на степенот на загаденоста на амбиенталниот воздух на територија на општина Карпош и превземање соодветни мерки,
- Врз основа на иницијатива или барање – пријава поднесена од државни органи,физички или правни лица, а каде се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата и сл. овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабараторија за вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото загадување на амбиенталниот воздух и во најкраток рок да достави технички извештај за извршеното мерење до овластениот инспектор за животна средина.
- Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на овластениот инспектор за животна средина на општина Карпош, е изработен согласно методологијата утврдена за изготвување на Годишната програма, со конкретно презентирани податоци.

Табела 6. Извршен инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина во општина Карпош за период од јануари до декември 2024 год.

| Ред.бр. | Изготвени управни акти | Кумулативна состојба со 31.12.2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | Изготвени записници за вонреден извршен инспекциски надзор | 86 |
| 3. | Изготвени решенија | 32 |
| 4. | Прекршочен платен налог | 3 |
| 5. | Барање од граѓани | 53 |

4. **Инспекција за домување**

Општина Карпош за овој период , за работните активности за спроведување на Годишната програма во инспекцискиот надзорот за домување, има **овластено лице** кое ги извршуваше работите со примена на Закон за домување, почитувајќи ги пропишаните норми и стандарди за домување и дали се уредени закупничките односи во согласност со истиот закон.

Овластениот инспектор за домување врши инспекциски надзор над:

- Станбени;
- станбено-деловни и
- деловно-станбени згради

Во Извештајот се содржани барањата од граѓаните доставени до Општина Карпош, кои се однесуваат од заедници на сопственици и од индивидуални лица (станари), а кои се однесуваат на проблематиката сврзана со функционирањето на Законот за домување.

Табела 7. Извршен инспекциски надзор на овластениот инспектор за домување во општина Карпош за период од јануари до декември 2024 год.

## 5. Просветна инспекција

| **Ред бр.** | Изготвени управни акти | Кумулативна состојба со 31.12.2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | Писмени барања /пријави од граѓани, од заедница на станари и институции | 41 |
| 2. | Вкупен број на Записници од извршен инспекциски надзор | 30 |
| 3. | Вкупен број на Решенија | 20 |
| 4. | Вкупен број на Заклучоци за дозвола на извршување | / |
| 6. | Вкупен број на известувања | 30 |
| 8. | Вкупен број на Платни налози | / |

Појдовна основа за изработка на планот за просветна инспекција е Законот за просветна инспекција (Сл. Весник на РМ бр.52/05..... 64/18), Закон за основно образование (Сл. Весник нса РСМ 161/2019 и 229/2020 година), Закон за заштита на децата (Сл. Весник на РМ бр.98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008,23/13, 12/14, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017,21/2018 и Сл. Весник на РСМ бр: 104/2019,146/2019, 275/19 и 311/2020 год.), како и подзаконските акти произлезени од овие закони.

Согласно горе наведените закони, просветниот инспектор изврши инспекциски надзор над:

- условите за работа на воспитно-образовните установи основани од општината;
- условите кои се однесуваат на просторот, опремата, кадарот, групите, децата, на јавните установи за деца основани од општината;
- запишувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од општината;
- опфатот на учениците согласно реонизацијата на основните училишта;
- постапката за формирање на училишните органи во воспитно-образовните установи основани од општината;

Овластениот просветен инспектор изврши инспекциски надзор во:

- 10 основни училишта;
- 4 јавни установи за деца (детски градинки).

Просветниот инспектор, во текот на 2024 година вршел редовни и вонредни инспекциски надзори по месечен план, по налог на раководното лице на органот и по пристигнатите иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица.

Просветниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во општина Карпош и државниот орган ДПИ ( државен просветен инспекторат).

Табела 8: извршен инспекциски надзор на овластениот просветен инспектор во општина Карпош за период од јануари до декември 2024 год.

| Реден број | Изготвени управни акти | Кумулативна состојба со 31.12.2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | Записник за извршен редовен инспекциски надзор | 24 |
| 2. | Записник за извршен вонреден инспекциски надзор | 38 |
| 3. | Записник за извршен контролен инспекциски надзор | 18 |
| 4. | Решение за опомена | 10 |
| 5. | Спроведена едукација | 63 |
| 6. | Писмени известувања/иницијатива | 15 |

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ**

За спроведување Планот за работа на Сектор инспекторат потребните финансиски средства беа обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, од кои 3.000.000 денари за Договор за услуги за отстранување на бесправно изградени објекти на територија на Општина Карпош, и 150.000 ден за Договор со лиценцирана фирма за мерење на медиуми во животната средина – вода, почва, воздух и бучава за потребите на Сектор Инспекторат- Општина Карпош.

Од буџетот во висина од 3.000.000 денари согласно договор бр. 03-5380/16 од 04.09.2023 година со важност до 12.08.2024 година за отстранување на бесправно изградени објекти , се потрошени 2.801.852,00 денари.

**- 1.448.864,00 денари за отстранување на објекти за потребите на изведување на Луна Парк Скопје , по барање од Град Скопје**

**- 85.314,00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење**

**- 116.584,00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење**

**- 374.768, 00 денари за отстранување на градба од втора категорија – приземен објект согласно Законот за градење**

**- 28.438,00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење - ограда**

**- 75.992,00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење – ограда**

**- 195.880, 00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење – ограда**

**- 27.966, 00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење – ограда**

**- 356.714,00 денари за отстранување на градба од втора категорија од Законот за градење – доградба на објект**

**- 27.966,00 денари за отстранување на градба од член 73 од Законот за градење**

**- 63.366,00 денари за отстранување на градба од втора категорија од Законот за градење**

На ден 12.08.2024 година е склучен нов договор за отстранување на бесправно изградени објекти со Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕВМ ТИМ ДООЕЛ Скопје, на износ од 3.000.000 денари, и од тој договор извршувањето односно отстранувањето на бесправно изградени објекти е закажано за јануари 2025 година.

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Во изминатата година Секторот Инспекторат во Општина Карпош нема реализирано меѓународна соработка.

**ОСТАНАТО**

- Сектор Инспекторат - Општина Карпош, **први во Република Северна Македонија** склучија договор бр. 03-7932/1 од 11.11.2024 година со колективен постапувач Друштво за управување со отпад ГРЕЕН РОАД ДООЕЛ Скопје за отстранување на отпадни возила согласно Закон за постапување со дополнителни текови на отпад, и е отпочната постапка за подигање на истите. Во текот на месец декември на јавна површина се ослободени 15 паркинг места кои претходно беа узурпирани со отпадни возила. Акцијата продолжува и во 2025 година, до конечно решавање на проблемот со отпадните возила.

- Во текот на 2024 година , се оствариjа повеќе дежурства во соработка со полициска станица Карпош, пред се поради решавање на проблемот со загадувањето на воздухот како и поради одложување отпад на необележано место на јавна површина. Исто така, извршени се контроли кај Јавните претпријатија “Комунална хигиена ” и “Паркови и Зеленило” и за истите се составени прекршочни платни налози.

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

**Во Сектор инспекторат во текот на 2024 година, се составени 571 Записници од кои 450 Записници од извршен инспекциски надзор од страна на инспекторите , како и 124 записници од извршена контрола при сторен прекршок од страна на комуналните редари . Исто така се донесени 215 решенија и 158 прекршочни платни налози. Забележан е пораст на донесени акти и отпочнати инспекциски постапки за 25% кај инспекторите како и 30% зголемен број на постапки на комуналните редари во однос на 2023 година.**

Согласно член 56, 57 и 58 од Законот за инспекциски надзор се воведува учинок на инспекторот врз основа на кој се врши и оценување на инспекторите. Учинокот односно оценувањето на инспекторите се состои од 3 компоненти и тоа: реализација на годишниот план за работа, други цели и задачи и реализација на годишниот план за стручно усовршување и обука. Другите работни цели и задачи на инспекторите треба да бидат дефинирани во актот за систематизацијата, па заради тоа потребно е да се направи измена на актот за систематизација со внесување на конкретни работни цели и задачи за секој овластен инспектор поединечно.

Во изминатото полугодие овластените инспектори наидоа на голем проблем при вршењето на инспекцискиот надзор поради неусогласност на материјалните закони по кои се овластени да вршат инспекциски надзор и да изрекуваат инспекциски мерки и Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците. Ова се однесува на: висината на глобите предвидени во материјалните закони кои во повеќето случаи не се во согласност со глобите во Законот за прекршоците, понатаму, укинување на мандатни налози и немање можност за водење мандатна постапка и намалување на висината на казната односно на прекршочниот платен налог каде што е намалена од 50 евра како мандатна на 40 евра како ППН, како и изрекување на инспекциска мерка Решение – опомена која е предвидена во Законот за инспекциски надзор, а не е предвидена во повеќето материјални закони и дополнително ја одолговлекува и усложнува постапката , и проблем со прием на актите од страна на странките.